**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**Бр. 02-434/4**
**22.10.2021, Скопје**

ул.Балзакова бр.32, Скопје
02/3 246 822; skm@skm.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## од **21-ва седница** на Извршниот одбор на СКМ одржана **на ден 24.04.2021 година**

На **21-вата седница** на Извршниот одбор на СКМ **присуствуваа 14 членови.**

На седницата отсутен беше д-р Јован Гагалески.

На седницата присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во **10:00 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими, со читање на Предлог- дневниот ред.

Предлог-дневен ред

1. Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 20-та седница на ИО на СКМ;
2. Информација за тековните активности на СКМ;
3. Разно.

Претседателот на ИО го стави дневниот ред на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен, без измени и дополнување и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

4. **Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 20-та седница на ИО на СКМ;**
5. **Информација за тековните активности на СКМ;**
6. **Разно.**

**1. Разгледување и усвојување на Предлог- записник од 20-та седница на ИО на СКМ;**

По однос на оваа точка збор зеде д-р Фисник Касапи кој истакна забелешка дека во Предлог-записникот од 20-тата седница на Извршниот одбор, одржана на ден 03.04.2021 година, не се внесени сите негови зборови. Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, предложи да се достави Предлог-записникот на е-маил до д-р Касапи за да може да ги вметне неговите забелешки, по што истиот ќе биде ставен на гласање на наредната седница на ИО.

**2. Информација за тековните активности на СКМ;**

По однос на оваа точка збор зеде д-р Денковски, кој истакна дека работниот текст на Статутот беше поставен на интернет-страницата на Комората за разгледување и давање предлози, идеи и забелешки од членовите на Комората. По разгледување и усогласување на Предлог- текстот на Статутот, заедно со новите измени, истиот едногласно се усвои за Предлог-Статут кој ќе биде доставен до Собранието на СКМ.

По исцрпување на дневниот ред, 21-вата седницата на ИО на СКМ заврши во 11:10 часот.

М.П.

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор на СКМ,**
**д-р Мирлинд Селими**